РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2478/2
15-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2478/1 од 12.09.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности во постапување на Државната изборна комисија, во врска со објава на својата веб-страница на незаконит и неуреден Ценовник за платено политичко рекламирање на Трговското радио-дифузно друштво ---------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2478/1 од 12.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 12.09.2025 година, доставена е пријава од подносител, во која се наведува дека Трговското радио-дифузно друштво ---------------------------, доставило неуреден и конфузен Ценовник за платено политичко рекламирање до Државната изборна комисија. ДИК постапила согласно член 75-ѓ став 11 од Изборниот Законик и го објавил на својата веб-страница. Подносителот во пријавата наведува дека објавениот Ценовник бил составен спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот Законик од страна на Радиодифузерот ---------------------, за што реагирал и ја известил и Државната изборна комисија.

Во прилог на пријавата, до ДКСК е доставена допис со реакција до ДИК и нивниот одговор, во кој се наведува дека ДИК добронамерно ја прифатила забелешката во врска со

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

посочениот Ценовник на Радио-дифузно друштво -------------------------- и дека ќе укажаат на посочениот медуим да го корегират делот на Ценовникот за ППР, кој е излезен од законската рамка.

Во врска со пријавата, со цел проверка на наводите, ДКСК изврши проверка на веб-страницата на ДИК, по однос на тоа дали се извршени корекции во точка 2 на горенаведениот Ценовник за ППР и утврди дека Ценовникот за платено политичко рекламирање на Трговското радио-дифузно друштво ------------------------------ е корегиран, објавен и истиот е достапен на следниот линк: https://www.sec.mk/lokalni-izbori-2025/#tab-id-19.

Оттаму, ДКСК констатира дека во пријавениот случај нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што постапил друг орган и оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор